Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 85/0806
26.02.2020 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 21 февруари 2020 година, врз основа на примена жалба од Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници МАРГИНИ", ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Интернет – порталот „Магазин", со колумната насловена „Спонзоруши, проститутки, педери, криминалци и квази новинари... Која е елитата на Македонија?", го прекрши Кодексот на новинарите во членот 10.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 4 февруари 2020 година, Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници МАРГИНИ“, поднесе жалба за текстот со наслов „Спонзоруши, проститутки, педери, криминалци и квази новинари... Која е елитата на Македонија?“, објавен на 30 јануари 2020 година, на интернет – порталот „Магазин.мк“ (www.magazin.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи говор на омрза, дискриминација, нарушување на приватноста и мешање на факти и мислења.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Магазин.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 10.

***Член 10:*** *„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).“*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 21 февруари 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за колумна, новинарски жанр кој сам по себе дозволува пoслободен израз, преку кој авторот може да ги искаже своите ставови и вредносни судови, но тоа, секако, не смее да ги надмине границите на слобода на изразување.

Авторот на текстот нуди сугестивно мислење, дискриминира, навредува и стереотипизира, обидувајќи се преку индивидуални случаи од актуелните судско-политички процеси да наметне генерална слика во одреден сегмент од општественото живеење (македонската елита). Новинарите мора да бидат свесни за искажаниот збор, зашто таквиот јазик лесно може

да генерира нетрпеливост кон одредени маргинализирани групи и да ги стави во негативен контекст.

Оттука, Комисијата за жалби најде дека во колумната на порталот „Магазин.мк“ е прекршен **членот 10** од Кодексот на новинарите, отстапка која особено е нагласена во следните реченици:

***„Елитата во Македонија е собир на спонзоруши, проститутки, педери, криминалци и квази новинари. Ве прашувам од каде ќе проникне прогресот и стабилноста на едно општество со ваква елита?“***

Медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар), кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза кон некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, **сексуална ориентација,** физички недостаток итн.

Етичкиот и професионалниот Кодекс на новинарите им налага посебна одговорност за јавно искажаниот збор. Нивните ставови се важни фактори во обликувањето на јавното мислење поради што говорот на омраза е неспоив со новинарската етика.

* * *

**При своето одлучување, Комисијата ги зеде предвид и:**

* Препораката CM/Rec(2010)5 на Комитетот на министри на Советот на Европа до земјите-членки во врска со мерките за борба против дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Во точката Б. од препораката, посветена на говорот на омраза се вели: „Државите членки е неопходно да преземат мерки за борба против сите видови на изразување во медиумите и на интернет за кои може да се добие впечаток дека го предизвикуваат ефектот на поттикнување, ширење и промовирање на омраза и други видови на дискриминација против лезбејки, геј, бисексуалци и трансродови лица“. Таквиот „говор на омраза“ треба да биде забранет и јавно отфрлен секогаш кога ќе се случи. Сите мерки треба да го почитуваат основното право на слобода на изразување во согласност со членот 10 од Конвенцијата и судската пракса на Судот“.

***Член 5, точка 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

„Дискриминаторско однесување и постапување е секое активно или пасивно однесување на секое лице од страна на јавните власти, како и од страна на правни и физички лица од приватниот и јавниот сектор во јавниот живот, кое создава основи за привилегирање или депривилегирање на некое лице на неоправдан начин, или кое го изложува на неправеден и деградирачки однос во споредба со други лица во слична ситуација, базирано на која било од дискриминаторските основи;

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет - порталот „Магазин.мк“ (www.magazin.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595